# Проектот

Проектот “We Cross Borders” се однесува на модернизацијата и подобрувањето на инфраструктурата на Граничните Премини Евзони и Богородица и цели кон подобрување на царинските услуги, како на оние кои се нудат на граѓаните и компаниите на двете соседни земји, така и на граѓаните на Европската Унија воопшто. Проектот се очекува да придонесе значајно во поддршката на економскиот развој кој ќе произлезе од зголемувањето на туристичкото струење помеѓу двете земји. Основен предмет на интерес на проектот е поставувањето на нова инфраструктура на граничните премини Евзони и Богородица.



www.wecrossborders.eu

Interreg - IPA CBC

CCI 2014 TC 16 I5CB 009

We Cross Borders

Проектот “We Cross Borders” е кофинансиран од Европската Унија и Национални фондови на двете земји и има вкупен буџет од 1.216.567,50 евра.

ОДРЕКУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ
Ставовите изразени во оваа публикација не ги одразуваат нужно ставовите на Европската унија, земјите учеснички и управниот орган на програмата

Interreg - IPA CBC

CCI 2014 TC 16 I5CB 009

We Cross Borders

# We Cross Borders



## Faster and Safer border crossing for everyone

# Партнерскиот состав на проектот

Партнерскиот состав на проектот “We Cross Borders” вклучува четири партнери од двете земји:

Децентрализираната Самоуправа Македонија-Тракија – Главен Партнер

Министерството за Финансии, Царинска Управа на Северна Македонија

Регионалниот Фонд за Развој на Централна Македонија

Министерството за Внатрешни работи на Северна Македонија



# Акциите на проектот

Акциите на проектот “We Cross Borders”вклучуваат:

- Пренос на технички знаења за организација на точките за премин на границите
- Управување со активностите од проектот и соработката помеѓу партнерите
- Активности за промоција и комуникација во врска со акциите, придобивките и резултатите од проектот
- Истражување на специфичните потреби на точките за премин на границите, модернизација и подобрување на точките за премин со акции како: инсталирање на камери ANPR со соодветниот систем за контрола на пристап, што се состои од рампи за возила на местото на премин во Евзони, камери CCTV и опрема NVR, нова царинска вага итн.







# Очекувани придобивки од проектот

Во очекуваните резултати од проектот се вклучуваат:

- Подобрување на нивото на царинските услуги на граничните премини Евзони и Богородица
- Услужување на возилата кои поминуваат и патниците и поддршка на Царинска Служба преку автоматизирани ситеми, на седумдневна и дваесетичетиричасовна основа.
- Подобрување на условите за работа на вработените во царините на двете земји.
- Минимализирање на времето потребно за услужување на минувачите и проток на производи кај царините.
- Подобрување на чувството за безбедност кај туристите кои минуваат.
- Намалување (до исчезнување) на сообраќајниот метеж на граничните премини Евзони и Богородица.
- Заштита и справување со шверцувани производи и/или наркотици.
- Справување со нелегална миграција.
- Зајакнување на чувството за безбедност кај жителите на околината на границата.
- Зајакнување на билатералната трговска размена.
- Целесходен надзор и заштита на надворешните граници на Европската Унија.
- Зголемување на прекуграничното движење за граѓаните на двете земји.